**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**
**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД**

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД

**СКОПЈЕ, Јануари 2019 година**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14 и 199/14и 27/16), Директорот на Државниот инспекторат за труд на ден 30.01.2019година, донесе:

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД**

Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места воДржавен инспекторат за труд (04-1638 од 19.11.2015; 04-115 од 12.01.2016, 04-568 од 11.03.2016, 04-968 од 03.04.2018,01-1770 од 11.06.2018, 04-2602 од 05.10.2018 и 01-3334 од 06.11.2018 година и тоа:во Глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД, во насловот 5. Сектор за координација, обуки и административно извршување на решенија, кај работното место под реден број 46 – Помлад соработник - Стручно оперативна поддршка на активностите за инспекциски надзор во областа на работните односи и од областа на безбедност и здравје при работа, во делот број на извршители бројот (4) се заменува со бројот (3) и зборот „Велес (1) „ се брише и се додава „Валандово (1 )'', и „Скопје (2).

Член 2

Во Глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД, во насловот 5. Сектор за координација, обуки и административно извршување на решенија, кај работното место под реден број 55 – Советник за инспекциски надзор од областа на работните односи, во делот број на извршители се додава зборот „ Кочани„.

Член 3

Во Глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД, во насловот 5. Сектор за координација, обуки и административно извршување на решенија, кај работното место под реден број 56 – Советник за инспекциски надзор од областа на безбедност и здравје, во делот на Вид на образование, се додава „Безбедност и заштита при работа„.Во делот број на извршители бројот „1„ се заменува со бројот (2) и се додава зборот „Струмица (1) ''.

Член 4

Во Глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД, во насловот 5. Сектор за координација, обуки и административно извршување на решенија, работното место под реден број 57– Помлад соработник за Административно – оперативна подршка и обработка на податоци за утврдување на неправилности во работењето, се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број | 57. |
| Шифра | УПР 0101В03000 |
| Ниво | В3 |
| Звање | **Соработник** |
| Назив на работно место | **Соработник за Админитративно-опертаивна поддршка и обработка на податоци за утврдување на неправилности во работењето** |
| Број на извршители | 1 (Кичево) |
| Одговара пред | Раководителот н аодделение |
| Вид на образование | Технологија на прехрамбени производи, правни науки |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Спроведување на стручно- административни работи во функција на спроведување на утврдување на неправилност во работењето од обласrа на работните односи и безбедност и здравје при работа |
| Работни задачи и обврски | -Прибира податоци за извршени постапки за утврдување неправилности во работењето и податоци потребни за единствена база на податоци,<br>-Прибира податоци од спроведени постапки за утврдување на неправилности во работењето ;<br>Комлетира записници за спроведени постапки за утврдување на неправилности во работењето и подготвува извештаи за спроведените постапки во кои се од надлежност на одделението<br>- Прибира материјали и податоци за подготовка на интерни процедури за водење на внатрешните постапки;<br>- Помага при обработување на статистички податоци за спроведени постапки за утврдување на неправилности воработењето по основ на разни параметри; |

Член 5

Во Глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД, во насловот 3. Сектор за правни, нормативни и општи работи, кај работното место под реден број 31 – Советник за заштита на лични податоци, во делот на Вид на образование, зборовите Политички науки, се заменуваат со зборовите„Јавна управа и администрација„.Во делот број на извршители се додава зборот „Тетово„.

Член 6

Во Глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД, во насловот 4. Сектор за правни, нормативни, општи и информатички работи, кај работното место под реден број 34 – Виш референт – документарист - архивар, во делот број на извршители бројот „(11)" се заменува со бројот „(10)" и зборовите „Свети Николе (1)" се бришат.

Член 7

Во Глава V ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД, во насловот 6. Сектор за инспекциски надзор од областа на работните односи, кај работното место под реден број 107 – Помлад инспектор, во делот број на извршители бројот „(1)" се заменува со бројот „(2)".

Член 8

Овој правилник влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација и Инспекцискиот совет.

Директор
Аљајдин Хавзиу

Број 01- 307/9
30.01.2019 година